Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/2015, 192/2015, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22, 3/2025), Министерството за транспорт, на ден 26.11.2025 година, донесе:

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена на животната средина

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура за изградба на 2х400kv далновод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, од почетна точка: пресек на постоечки 400kv далновод ДВ ТС Штип – ТС Дуброво (во распон од столб 62 до столб 63) до крајна точка: приклучни портали во новопланирана ТС во уппгдз за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10mw, во о.Штип, о.Радовиш и о.Карбинци), што се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларот за определување на потреба од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена на животната средина се објавува на интернет страната на министерството за транспорт: www.mtc.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена на животната средина, донесувањето на планскиот документ урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура за изградба на 2х400kv далновод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, од почетна точка: пресек на постоечки 400kv далновод ДВ ТС Штип – ТС Дуброво (во распон од столб 62 до столб 63) до крајна точка: приклучни портали во новопланирана ТС во уппгдз за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10mw, во о.Штип, о.Радовиш и о.Карбинци), нема да има значително влијание врз животната средина од следните причини:

    a. Планскиот документ е од пониска категорија.
    b. Планскиот опфат зафаќа мала површина на земјиште.
    c. Планскиот опфат не се однесува на земјиште со високи природни, биолошки или пејсажни вредности.
    d. Планскиот опфат не зафаќа ниту е блиску до заштитени подрачја или подрачја предложени за заштита.
    e. Планот не предвидува активности што можат значително да ја изменат употребата на земјиштето, биодиверзитетот, водните ресурси, квалитетот на воздухот или здравјето на луѓето.

f. Планскиот документ не предвидува инфраструктура, производство или објекти со потенцијално опасни емисии или создавање на големи количини отпад или опасен отпад.
g. Активностите предвидени со планскиот документ имаат ограничени мали влијанија врз животната средина.
h. Планскиот документ предвидува урбанизација на мал простор за потреби на веќе урбанизиран простор во смисла на техничка изведба и енергетско поврзување.

4. Со донесување на оваа Одлука, прекинува да важи Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена на животната средина со број 67-1215/38 од 13.11.2025 година.
5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 денови од денот на објавување на одлуката на интернет страна.

Бр. 67-1215/45

Датум 02.12.2025

Место: Скопје

Александар Николоски

Министер